ВМРО:ДПМНЕ Заев да се откаже од ново национално предавство со Бугарија, народот нема да прифати откажување од јазикот, историјата и идентитетот

Заев да се откаже од ново национално предавство со Бугарија, народот нема да прифати откажување од јазикот, историјата и идентитетот.

Заев да каже што содржи документот кој го договора со Бугарија, зошто молчи и зошто се крие од јавноста?

Дали договорот за кој разговара Зарв опфаќа откажување од македонскиот јазик, идентитет и историја?

Дали Заев го испратил Бучковски да преговара врз основа на декларацијата на бугарскиот парламент, што значи откажување од македонската национална посебност?

Заев сам ги изминира македонските позиции, во момент кога како премиер излезе и кажа дека македонскиот и бугарскиот народ се ист народ и дека имаат иста историја. Заев го кажа она што ни најголемите бугарски националисти не го помислиле.

Заев треба да знае дека Гоце Делчев е македонски револуционер кој се борел за слободна Македонија.

Конечно, Заев треба да сфати дека со понижување нема иднина. 4 години понижувања со Заев, 4 години украден живот.

Доста е!